ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 12 ДАТА 28.02.2022 ГОДИНА 40

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО

ФФМ

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 12 ДАТА 28.0.2022 г.

## СОДРЖИНА

- ОДЛУКИ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФФМ
- ОДЛУКА ОД КОМИСИЈАТА ЗА ИЗБОРИ И ВЕРИФИКАЦИЈА НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
- ПРОПОЗИЦИИ ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО ДЕТСКИ ФУДБАЛ

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-539/3
22.02 2022 год.

Врз основа на член 109 и член 111 став 3 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 22.02.2022 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

1. Се потврдува одлуката донесена од Одборот за итност помеѓу две седници на Управниот одбор и тоа :

На седницата одржана на ден **16.02.2022** година:

- Одлука со деловоден број 0202-510/2

2. Одлуката стапува на сила ведаш и истата ќе се објави во Макфудал.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 26.01.2022 година, ги разгледа одлуките донесени од страна на Одборот за итност во периодот помеѓу две седници, по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**

Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-539/3

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-539/21
22.02.2022

Управен одбор

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 22.02.2022 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За измена и дополнување на Пропозициите за Куп натпреварување во женска конкуренција за натпреварувачката 2021/22 година**

1. Се врши измена и дополнување на Пропозициите за Куп натпреварување во женска конкуренција за натпреварувачката 2021/22 година на начин што:

**1.1. Член 15**

**- Се менува став 2 на член 15** на начин што бројот „5 "во првата алинеа се менува со бројот „2" и бројот „9 "во втората алинеа се менува со бројот **„6"**, ставот 2 на член 15 гласи:
*„Во квалификациите за осмина финале учествуваат:*
*- 2 последно рангирани екипи на табелата согласно член 31а од Пропозициите за натпреварување на Прва ЖФЛ во сезона 2020/21 (кои активно се натпреваруваат со сениорски екипи во 2021/22).*
*- 6 новопријавени екипи за натпреварување во Втора ЖФЛ сезона 2021/22."*

**1.2 Член 16**

**- Се менува став 1 на член 16** на начин што бројот „9 "се менува со бројот **„12"**, ставот 1 на член 16 гласи:
*„Екипите рангирани од 1- 12 место на табелата согласно член 31а од Пропозициите за натпреварување во 2020/21 година во Прва ЖФЛ директно учествуваат во 1/8 финалето."*
**- Се менува став 2 на член 16** на начин што бројот „(7) "се менува со бројот **„(4)"**, а бројот „9 "се менува со бројот **„12"**, ставот 2 на член 16 гласи:
*„ Победниците од квалификациите ( 4 ) заедно со екипите рангирани од 1-12 место на табелата согласно член 31а од Пропозициите за натпреварување во 2020/21 година учествуваат во 1/8 финале на купот.."*

2. Оваа одлука стапува на сила веднаш .

3. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал".

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 22.02.2022 година, го разгледа предлогот доставен од Комисијата за женски фудбал на ФФМ за измена и дополнување на

Управен одбор

Пропозициите за Куп натпреварување во женска конкуренција за натпреварувачката 2021/22 година.

Управниот одбор утврди дека предложените измени се резултат на промена на бројот на новопријавени клубови и клубови кои се откажале од натпреварувње во Втора ЖФЛ поради што ждребот не може да се спроведе на предвидениот начин.

По разгледување на предлогот Управниот одбор донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател**
**Муамед Сејдини**

Деловоден број 0202-539/21

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 22.02.2022 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За измена и дополнување на Правилникот за судии и судење**

1. Се врши измена и дополнување на Правилникот за за судии и судење на ФФМ на начин што:

**1.1. Член 91а**

**- Се менува став 1** на член 91а на начин што се додава нова алинеа 3 која гласи: „
*- да продолжат активно да судат на листата на меѓународни судии на ФИФА доколку се истите предложени согласно утврдените критериуми и имаат успешно положено физички норми.“*

**Член 91а гласи:**
*(1) Судиите од листите на ФФМ по навршување на 45 години имаат право:*
*- да бидат преведени во инструктори*
*- да продолжат активно да судат до навршување на 50 години на листата за судење во мал фудбал согласно утврдени критериуми.*
*- да продолжат активно да судат на листата на меѓународни судии на ФИФА доколку се истите предложени согласно утврдените критериуми и имаат успешно положено физички норми.*

**1.2 Член 92**
**Се менува член 92** на начин што се додава нов став 2, ставот 2 станува став 3 .
**Новиот став 2 гласи:**
*(2) На предлог листата на меѓународни судии можат да се предложат судии кои немаат повеќе од 47 години старост и ги исполнуваат критериумите од став 3 на овој член.*
**Член 92 гласи:**
*(1)Врз основа на прописите на ФИФА и УЕФА за секоја натпреварувачка година, Судиската комисија на ФФМ формира предлог листа на меѓународни судии.*
*(2)На предлог листата на меѓународни судии можат да се предложат судии кои немаат повеќе од 47 години старост и ги исполнуваат критериумите од став 3 на овој член.*
*(3)На листата на интернационалните судии може да се стави само судија со највисока Републичка категорија, кој на 1-ви август во годината за која се составува листата ги исполнува следните услови:*
1. *Старосната граница на судијата да биде согласно прописите на ФИФА.*
2. *Претходно најмалку 2 (две) години да се наоѓал на листа за судење во највисок степен на натпревари во Републиката.*
3. *Да судел најмалку 20 првенствени и куп натпревари во Прва МФЛ и втора МФЛ ако листата е единствена, од стекнувањето на звање Републички судија.*
4. *Да претставува неспорен квалитет во судењето на натпреварите од највисок*

*степен во Републиката, да не бил на ранг листа под 50% од бројот на судии на единствената листа за судење во првата и втората лига.*

5. *Во последните две натпреварувачки години да не е двапати оценуван со негативни како судија или помошен судија.*
6. *Да не е казнуван во последните две години за материјална повреда на Правилата на фудбалската игра.*
7. *Да не е упатуван во последните две години на поправен испит по теоретска и фитнест подготвеност.*
8. *Да познава еден светски странски јазик со кој ќе кореспондира во ФИФА и УЕФА и*
9. *Да има примерно спортско однесување и да служи за пример како спортист, педагог и граѓанин.*

2. Оваа одлука стапува на сила веднаш.

3. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал“.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 22.02.2022 година, го разгледа предлогот доставен од Одборот за судии на ФФМ за измена и дополнување на одредбите од членот 91а и 92 од Правилникот за судии и судење на ФФМ. Управниот одбор утврди дека предложените измени се во согласност со правилата на ФИФА за возрасната граница на меѓународните судии по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател**
**Муамед Сејдини**

Деловоден број 0202-539/20

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-539/22
22.02.2022 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 22.02.2022 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За измена и дополнување на Правилникoг за регистрација, статус и трансфер на фудбалери**

1. Се врши измена и дополнување на Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ на начин што:

**1.1. Член 74**
- Наднасловот на член 74 се дополнува со зборовите „*(тренинг компензација)*" *наднасловот гласи: Надокнада на трошоци вложени во развој на фудбалерот (тренинг компензација)*

- **Се менува став 1** на член 74 на начин што по зборовите: „ надокнадата на трошоците вложени во развој на фудбалерот" се додават зборовите„ - тренинг компензација, "
Ставот 1 на член 74 гласи:
*(1) За трансфери на територијата на ФФМ, надокнадата на трошоците вложени во развој на фудбалерот - тренинг компензација, како и условите за нивно извршување ги одредува УО на ФФМ со посебна одлука.*

**1.2 Член 74а**
**Се врши дополнување со нов член 74а кој гласи:**
(1) *Клубот го губи правото на надомест на трошоците вложени во развој на фудбалерот - тренинг компензација доколку не ги почитувал обврските од Професионалниот договор со фудбалерот, поради што професионалниот договор е раскинат без оправдана причина - на штета на клуб.*
*(2) При реаматеризација на фудбалерот, новиот клуб нема обврска на претходниот клуб со кој фудбалерот имал склучено професионален договор да му ги надомести трошоците вложени во развој на фудбалерот.*

2. Оваа одлука стапува на сила веднаш.

3. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал".

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 22.02.2022 година, го разгледа предлогот за измена и дополнување на одредбите од членот 74 и дополнување со нов член 74а. Управниот одбор утврди дека измените се во насока на уредување на правилото за тренинг компензација на национално ниво. Со новата одредба се утврдуваат околностите кои доведуваат до губење на правото на надомест на трошоците вложени во развој на фудбалерот -

тренинг компензација. Утврдените околности кореспондираат и со уреденоста на ова прашање во ФИФА.

По разгледување на предлозите Управниот одбор  донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател**
**Муамед Сејдини**

Управен одбор

Бр. 0202-539/23
22-02. 2022 год

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 22.02.2022 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За измена на Одлуката за тренинг компензација бр. 02-624-3 од 08.07.2011**

1. Се врши измена на Одлуката за тренинг компензација бр. 02-624-3 од 08.07.2011 година на начин што во текстот на одлуката зборовите натпреварувачка година се менуваат со календарска година.

2. По сите барања за тренинг компензација пристигнати до крајот на натпреварувачката 2021/22 ќе се постапува согласно Одлуката за тренинг компензација бр. 02-624-3 од 08.07.2011.

3. Оваа одлука стапува на сила веднаш а ќе се применува од 15.06.2022 година.

4. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал".

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 22.02.2022 година, го разгледа предлогот за измена и дополнување на на Одлуката за тренинг компензација бр. 02-624-3 од 08.07.2011 година.

Управниот одбор утврди дека измените се во насока на усогласување со измените направени во ФИФА Правилникот за статус и трансфер а се однесуваат на менување на терминот на натпреварувачка година во календарска година.

По разгледување на предлогот Управниот одбор донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател**
**Муамед Сејдини**

Деловоден број 0202-539/23

ФФМ

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-539/24
22.02. 2022 год

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на 22.02.2022 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се усвојуваат Пропозициите за натпреварување во детски фудбал.
2. Одлуката стапува на сила веднаш.
3. Оваа одлука и Пропозициите да се објават во службениот лист на ФФМ „Макфудбал".

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ, на седницата одржана на 22.02.2022 година ги разгледа Пропозициите за натпреварување во детски фудбал кое на предлог на Комисијата за базичен фудбал ќе се организира во периодот март-мај 2022 година по што донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател
Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-539/24

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-539/26
22.02. 2022 год

Управен одбор

Врз основа на член 109 став 1 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската федерација на Македонија, на седницата одржана на 22.02.2022 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1.Се усвојува предлогот на Комисијата за базичен фудбал, ФФМ во целост да го субвенционира натпреварувањето во детски фудбал за периодот март-мај 2022 година .

2. се утврдува висината на таксата за следните службени лица во натпреварувањето во детски фудбал:

2.1 Координатор на турнир во детски фудбал - 1500,00 денари;
2.2 Координатор на турнир во детски фудбал во Северен регион - 2000,00 денари;
2.3 Судиска такса по натпревар - 350,00 денари;
2.4 Судиска такса по натпревар за натпреварите на **финалниот турнир** во детски фудбал - 700,00 денари.

4. Активностите поврзани со делегирање и регулирање на трошоците на службените лица (судии и координатори на турнири во детски фудбал) согласно добиен неделен распоред од координаторот на соодветниот регион ќе се спроведуваат во: ОФС Гази Баба, ОФС Гостивар, ОФС Охрид, ОФС Битола, ОФС Кочани, ОФС Кавадарци во соработка со ОФС Велес и ОФС Гевгелија.

5. За натпреварувањето организирано во периодот март-мај 2022 година, ФФМ финансиски ќе го поддржи спроведувањето на активностите по ОФС утврдени во т.4 на оваа одлука и за секој ОФС од т.4 утврдува месечен надоместок кој ќе се исплаќа за времетраење на натпреварувањето и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| 5.1 | ОФС Гази Баба (Северен Регион) | - 12.000,00 ден |
| 5.2 | ОФС Гостивар (Западен Регион) | - 8.000,00 ден |
| 5.3 | ОФС Охрид(Југозападен Регион) | - 8.000,00 ден |
| 5.4 | ОФС Битола(Преспанско-Пелагониски Регион) | - 8.000,00 ден |
| 5.5 | ОФС Кочани(Источен Регион) | - 8.000,00 ден |
| 5.6 | ОФС Кавадарци (Централен Регион) | - 8.000,00 ден |
| | во соработка со ОФС Велес | - 4.000,00 ден |
| | и ОФС Гевгелија | - 4.000,00 ден |

6. Оваа одлука стапува на сила веднаш.

7. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ„Макфудбал".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ, на седницата одржана на 22.02.2022 година, го разгледа предлогот на Комисијата за базичен фудбал на ФФМ поврзан со

натпреварувањето во детски фудбал кое би се организирало турнирски во периодот март - мај 2022 година по што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**
Муамед Сејдини

ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-358/10
02 02 2022 год.

Комисија за избори и верификација на ФФМ

Врз основа на член 50 и член 88 став 1 алинеа 2 и од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија и член 12 став 1 алинеа 2 и член 14 став 2 од Правилникот за избори и верификација на Фудбалската Федерација на Македонија, Комисијата за избори и верификација на ФФМ, во состав Горан Каркински - Претседавач, Шкодран Алили– член и Борче Размоски – член, на ден 02.02.2022 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

**1.** СЕ УТВРДУВА пречистена листа на делегати на Редовното Генерално Собрание на ФФМ кое ќе се одржи на ден 12 Март 2022 година во Скопје.

| Реден број | Општински фудбалски сојуз | Име и презиме на делегатот | Дата на раѓање на делегатот |
|---|---|---|---|
| 1. | Општински фудбалски сојуз Битола | Зоран Христовски | 22.08.1966 |
| 2. | | Златко Ралевски | 23.12.1979 |
| 3. | | Благојче Ангелевски | 15.08.1970 |
| 4. | | Јован Стојановски | 25.03.1974 |
| 5. | | Драги Канатларовски | 08.11.1960 |
| | | | |
| 6. | Општински фудбалски сојуз Валандово | Зоран Јовановиќ | 11.11.1966 |
| 7. | | Иван Гавровски | 18.03.1961 |
| 8. | | Горан Манчев | 25.10.1972 |
| | | | |
| 9. | Општински фудбалски сојуз Велес | Благоја Петров | 10.02.1959 |
| 10. | | Драган Јорданов | 19.06.1978 |
| 11. | | Тони Димески | 21.10.1975 |
| 12. | | Борис Леов | 04.02.1954 |
| | | | |
| 13. | Општински фудбалски сојуз Гази Баба | Боби Стевковски | 03.11.1978 |
| 14. | | Ненад Монев | 28.12.1984 |
| 15. | | Ристо Донев | 26.12.1958 |
| 16. | | Раман Аети | 16.10.1979 |
| | | | |
| 17. | Општински фудбалски сојуз Гевгелија | Мишел Истатов | 11.01.1978 |
| 18. | | Кирил Изов | 13.11.1975 |
| | | | |
| 19. | Општински фудбалски сојуз Гостивар | Берат Исмаили | 08.04.1983 |
| 20. | | Мерсим Зендели | 15.12.1981 |
| 21. | | Менсур Јакупи | 27.01.1979 |
| | | | |
| 22. | Општински фудбалски сојуз Демир Хисар | Љубе Ристевски | 04.01.1960 |
| | | | |
| 23. | Општински фудбалски сојуз Кавадарци | Антоние Тасев | 07.06.1970 |
| 24. | | Јордан Мицковски | 16.02.1943 |
| | | | |
| 25. | Општински фудбалски сојуз Кисела Вода | Горан Илиќ | 01.09.1983 |
| 26. | | Љупчо Трајковски | 16.07.1974 |
| | | | |
| 27. | Општински фудбалски сојуз Кичево | Муамед Сејдини | 25.11.1969 |
| 28. | | Џевдет Далипи | 20.01.1964 |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 29. | Општински фудбалски сојуз Кратово | Драган Иванов | 14.06.1974 |
| | | | |
| 30. | Општински фудбалски сојуз Куманово | Ненад Крстевски | 06.08.1977 |
| 31. | | Зоран Митковиќ | 03.03.1962 |
| 32. | | Саша Митиќ | 10.07.1970 |
| 33. | | Горан Георгиевски | 10.09.1965 |
| | | | |
| 34. | Општински фудбалски сојуз Липково | Абдула Сакипи | 20.01.1952 |
| | | | |
| 35. | Општински фудбалски сојуз Македонски Брод | Сашо Стојаноски | 15.04.1966 |
| | | | |
| 36. | Општински фудбалски сојуз Неготино | Орданче Ангелов | 05.03.1964 |
| | | | |
| 37. | Општински фудбалски сојуз Прилеп | Славчо Ѓорѓиоски | 21.10.1990 |
| 38. | | Петре Илиоски | 14.01.1962 |
| 39. | | Сашо Иваноски | 21.07.1970 |
| 40. | | Тони Тарунџиоски | 02.06.1966 |
| 41. | | Александар Спиркоски | 05.01.1972 |
| | | | |
| 42. | Општински фудбалски сојуз Пробиштип | Цветан Гаврилов | 13.03.1953 |
| | | | |
| 43. | Општински фудбалски сојуз Ресен | Миле Тановски | 24.12.1951 |
| | | | |
| 44. | Општински фудбалски сојуз Скопје | Нестор Матевски | 18.04.1994 |
| 45. | | Реуф Муминовиќ | 04.03.1959 |
| 46. | | Ејуп Адеми | 07.08.1979 |
| | | | |
| 47. | Општински фудбалски сојуз Струга | Блертон Положани | 29.05.1982 |
| 48. | | Фијат Шате | 16.06.1977 |
| 49. | | Илир Бектеши | 27.11.1968 |
| 50. | | Дритан Бакали | 13.08.1972 |
| | | | |
| 51. | Општински фудбалски сојуз Штип | Бернард Симонов | 01.09.1978 |
| 52. | | Дарко Черкезов | 07.02.1980 |
| 53. | | Илија Митров | 05.08.1979 |
| | | | |
| 54. | Општински фудбалски сојуз Охрид | Цане Милошески | 29.01.1978 |
| 55. | | Марјан Маркоски | 26.01.1977 |
| 56. | | Гоце Маркоски | 09.07.1970 |
| | | | |
| 57. | Општински фудбалски сојуз Свети Николе | Гордан Здравков | 26.04.1959 |
| | | | |
| 58. | Општински фудбалски сојуз Кочани | Александар Андов | 09.05.1987 |

**2.** Мандатите на утврдените делегати и тоа под бр. 1, 7, 9, 13, 20, 23, 25, 29, 30, 27, 47, 51, 54, 55, 56, 57 и 58 на оваа одлука ќе се верификуваат на седницата на Редовното Генерално Собрание на Фудбалската Федерација на Македонија кое ќе се одржи на 12.03.2022 година.

**3.** Одлуката стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

Комисија за избори и верификација на ФФМ

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за избори на седницата одржана на ден 02.02.2022 година, постапувајќи согласно член 14 од Правилникот за изборите на ФФМ, по утврдување на делегатите предложени од членките на ФФМ, утврди пречистена листа на делегати на Собранието на ФФМ што ќе се одржи на 12 Март 2022 година, по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседавач,**

Горан Каркински

ДН:

- Генерален Секретар
- Управен одбор на ФФМ
- Архива на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# ПРОПОЗИЦИИ

за натпреварување во детски фудбал

Скопје, февруари 2022 година

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ а во врска со член 128 од Правилникот за натпревари, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 22.02.2022 година ги донесе следните:

**ПРОПОЗИЦИИ**

ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО ДЕТСКИ ФУДБАЛ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-539/25
22.02.2022 год.

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Натпреварувањето во детски фудбал е непостојано ,неофицијално натпреварување во кое учество земаат деца од 7 - 12 години независно од полот.

Терминот „деца" и терминот „фудбалери" се однесува и на машки и на женски пол, децата од машки пол во понатамошниот текст се „момчиња" а децата од женски пол во понатамошниот текст се „девојчиња".

Во рамките на натпреварувачката 2021/22, натпреварувањето се организира **турнирски** во периодот од **март- мај 2022 година**.

Со натпреварувањето координираат 6 (шест) координатори определени од Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија

Со право да учествува се стекнува фудбалски клуб - член на ОФС, кој навремено поднел пријава за учество на екипа во детски фудбал кај регионалниот координатор во соодветниот регион.

**Член 2**

Натпреварувањето се одвива регионално, независно од регионалната поделеност на ОФС во ФФМ и тоа:

- Северен регион кој ги опфаќа ОФС Г.Баба,ОФС К.Вода, ОФС Куманово и ОФС Скопје, ОФС Липково
- Западен регион кој ги опфаќа ОФС Тетово и ОФС Гостивар
- Југозападен регион кој ги опфаќа ОФС Струга, ОФС Охрид и ОФС Кичево
- Источен регион кој ги опфаќа ОФС Кочани и ОФС Пробиштип, и ОФС Кратово
- Централен регион кој ги опфаќа ОФС Неготино, ОФС Свети Николе, ОФС Штип, ОФС Кавадарци и ОФС Велес, ОФС Струмица ОФС Валандово и ОФС Гевгелија
- Преспанско-пелагониски кој ги опфаќа ОФС Битола, ОФС Демир Хисар, ОФС Прилеп и ОФС Македонски Брод и ОФС Ресен

**Член 3**

Во натпреварувањето учествуваат повеќе возрасни категории кои опфаќаат деца на возраст од 7 – 12 години.

При формирањето на екипи во детски фудбал , фудбалските клубови како критериуми ги земаат во предвид:

- возраста на учесниците независно од полот
- димензиите на фудбалскиот терен
- број на учесници
- времетраењето на натпреварот

**Член 4**

Натпреварувањето се одвива турнирски согласно возрасната категорија.

Во секој регион во периодот од март- мај 2022 година се организираат по 10 турнири за секоја возрасна категорија.

Бројот на екипите по категорија може да биде различен.

Пријавите за учество со назнака за кој регион се пријавуваат учесниците се превземаат од веб страната на ФФМ.

Списокот на екипи учесници по категории е составен дел од овие пропозиции.

Услов за пријавување на екипа во соодветната категорија е на денот на поднесувањето на пријавата да има регистрирано во Комет системот најмалку:

Организаторите имаат обврска да ги почитуваат правилата за организирање на натпревар и да се грижат за редот и безбедноста на сите учесници пред, за време и по завршувањето на натпреварите.

За пропусти во организацијата од кои произлегуваат последици по здравјето и безбедноста на учесниците, организаторите одговараат согласно овие пропозиции, Правилникот за натпревари и Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

**Член 12**

Доколку со одлука на надлежен државен орган е утврдена потреба од превенција и заштита од ковид 19 или заштита од друг вид на епидемија организаторот на турнирот има обврска да се придржува на Протоколот за спроведување на мерки за заштита од "Covid-19", или друг Протокол со кој се предвидуваат мерки на заштита за сите учесници на натпреварите, во понатамошниот текст и само Протокол.

Протоколот е составен дел на овие Пропозиции.

**Член 13**

Организаторот на турнирот е должен да ги исполни неопходните услови во насока на обезбедување на соодветен терен и пропратни објекти со минимум 4 простории од кои 2 соблекувални за екипите, 1 соблекувална за судиите, 1 просторија во која ќе се изготвува записник.

Изборот на терени на кои ќе се одигруват турнирите го вршат координаторите за детски фудбал во регионот( регионален координатор).

За изборот на терени се известува телото кое раководи со натпреварувањето.

**Член 14**

Организаторите се обврзани:

- турнирот благовремено да го пријават кај надлежниот орган за безбедност (МВР).
- за времетраење на турнирот да обезбедат присуство на возило за потребите на итна медицинска помош.
- да обезбедат лекар со лиценца за интервенција на натпревар во случај на повреда на учесниците.
- за времетраење на турнирот да обезбедат присуство на четири лица со медицински носила.
- да обезбедат присуство на редарска служба

Доколку организаторот не ги исполнил условите согласно став 1 алинеа 1 ,2 и 3 од овој член турнирот не може да се одржи, или преостанатите натпревари нема да се одиграат.

Организаторите може да одговараат согласно одредбите на ДП на ФФМ.

**Член 15**

Организаторот на турнирот е должен да ги превземе следните активности:

- да ги пречека екипите и службените лица и истите безбедно да ги смести во службените простории.
- да ги обезбеди возилата на гостите и службените лица,
- да се погрижи за хигиената во сите службени простории,
- да се погрижи службените простории при пониски температури да бидат загреани.
- во санитарните чворови во службените простории да обезбеди проточна вода за лична хигиена,
- да обезбеди 3 топки за одигрување по натпревар .
- да обезбеди лице кое ќе го состави записникот/ците

Организаторот на натпреварот има обврска пред почеток на натпреварот да обезбеди доказ дека натпреварите се благовремено пријавени кај надлежниот орган за безбедност (МВР).

**Член 16**

Во службените простории дозволено е присуство на следниве лица:

- Сите играчи наведени во составот на екипите
- Судиите
- Координатор на регион
- Координатор на турнир

- Записничар
- Ополномоштени преставници на клубовите
- Лекари на екипите заведени во записникот
- Физиотерапевти на екипите заведени во записникот
- Тренери на екипите заведени во записникот
- Економите на екипите
- Претставници на МВР по процена на координаторот

**Член 17**

Во оградениот дел од теренот дозволено е присуство на:

- децата кои настапуваат,
- резервите,
- службените лица заведени во записникот од натпреварот,
- фоторепортери со ознаки,
- деца за фрлање топки еднообразно облечени во дресови или тренерки,
- претставници на МВР и лекарска екипа
- економи (кои мораат да бидат во близина на просториите на соблекувалните)

Во оградениот дел од теренот забрането е присуство на други лица освен наведените, независно дали се работи за гледачи или родители на децата како гледачи.

**Член 18**

Организаторите на турнирот задолжително на повеке места покрај надолжната линија обезбедуваат вода за освежување на фудбалерите.

**ЗАПИСНИК**

**Член 19**

Записникот се составува во присуство на координаторот на турнирот, претставници на клубовите и судијата.

При составување на записникот/ците може да присуствува и регионалниот координатор.

Составот на екипите се внесува пред почетокот на натпреварот/ите од страна на записничарот.

Во записникот со потпис на двата преставника од клубовите и судијата се потврдува идентитетот на фудбалерите и лекарскиот преглед на фудбалерите.

Приговор во однос на идентитетот и лекарскиот преглед се евидентира во записникот од натпреварот.

Судијата во записникот утврдува дали теренот е подобен за игра, го потврдува резултатот и евентуалните инциденти.

Координаторот на турнирот го известува регионалниот координатор и Комисијата за базичен фудбал за евентуални инциденти на турнирот.

Записникот се доставува до регионалниот координатор кој го проследува до Комисијата за базичен фудбал на ФФМ.

**СЛУЖБЕНИ ЛИЦА НА КЛУБ И НАТПРЕВАР**

**Член 20**

Секој клуб мора да одреди свој претставник кој ќе го претставува на натпреварот.

Претставникот се легитимира со писмено полномошно кое треба да го стави на увид на судијата на натпреварот пред почеток на натпреварот.

Претставникот на клубот :

- учествува во утврдувањето на идентитетот на фудбалерите,
- го предава составот на екипата и спортските легитимации на фудбалерите на судијата пред почетокот на натпреварот,
- ги гарантира податоците за лекарскиот преглед на својата екипа и одговара за евентуални пропусти.

**Член 21**

Стручниот штаб на екипата е составен од тренер, помошник тренер, лекар и физиотерапевт .

На натпреварот екипата ја води тренерот.

Однесувањето на стручниот штаб и на другите службени лица на клубот пред, за време и по натпреварот, спротивно на Правилата на фудбалска игра, овие Пропозиции и актите на ФФМ се санкционира од страна на судијата на натпреварот со јавна опомена или исклучување.

**Член 22**

Натпреварот не може да започне без главен судија за категориите на натпреварувања за деца од 9 до 12 години.

Судиите како службени лица на натпреварите ги одредува регионалниот координатор во соработка со Судиската комисија на ОФС кој ја опфаќа територијата каде што се одигруваат турнирите.

Судиите својата функција ја извршуваат согласно овие пропозиции и актите на ФФМ.

Главниот судија ја врши и функцијата делегат на натпреварот.

Трошоците за службените лица ги субвенционира ФФМ на начин уреден со Одлука на УО.

**Член 23**

Натпреварите на турнирот ги координира - координатор на турнир кој во својство на службено лице на турнирот учествува и во негова организација.

**Член 24**

Судијата во придружба на координаторот на турнирот и во соработка со регионалниот координатор (доколку е применливо) утврдува постоење на услови за одигрување на натпреварот и тоа:

- подобност на теренот;
- присуство на неслужбени лица во службените простории и оградениот дел на терено;
- преглед на просториите, игралиштето, оградата на игралиштето, реквизити неопходни за одигрување на натпревари по генерации и доколку забележи евентуални недостатоци за истите го известува организаторот за нивно отстранување;
- присуство на соодветно обезбедување/редарска служба/претставници на МВР.

**Член 26**

По завршувањето на натпреварот судијата во записникот се произнесува за организацијата на натпреварот и записникот го доставува до координаторот на турнирот.

**ПРАВО НА НАСТАП**

**Член 27**

Во натпреварувањата во детски фудбал право на настап имаат фудбалери кои стекнале право на настап според Правилникот за регистрации, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ со ИД број верификуван во КОМЕТ.

Бројот на фудбалери кои можат да настапат во <u>една</u> повозрасна категорија од онаа во која согласно возраста припаѓаат, не се ограничува.

Најмногу 2(два) фудбалера имаат право да настапат за екипа која се натпреварува во <u>две</u> повозрасни категории од онаа во која согласно возраста припаѓаат.

Девојчињата освен правото за настап како во став 2 и 3 можат да настапуваат и за една категорија помлада/пониска од онаа во која согласно возраста припаѓаат.

Лекарскиот преглед за секоја категорија важи 4(четири) месеци.

Лекарскиот преглед го врши лице определено со Правилникот за натпреварување на ФФМ.

**Член 28**

Во временски период од 48 часа фудбалерите имаат право да настапат на најмногу 3 (три) полувремиња од кои најмногу 2(две) во 24 часа.

Исклучок од ова правило е настап на финалниот турнир кога во 48 часа фудбалерот може да настапи на 4(четири) полувремиња од кои најмногу на 2 полувремиња за 24 часа.

**Член 29**

Фудбалерите кои настапуваат на своите дресови мора да ги носат броевите под кои се заведени во записникот од натпреварот и истите можат да бидат од 1 до 99.

Дресовите на екипите и судиите мора да се со различна боја.

Во случај да екипите излезат со иста боја на дресови гостите (втората екипа на записник) се должни да ја променат бојата на дресови или да стави маркери со броеви во различна боја од бојата на дресовите на противничката екипа.

**Член 30**

Бројот на замени не е ограничен.

Фудбалерот кој е заменет има право повторно да влезе во игра.

**Член 31**

Натпреварите во детски фудбал се играат како дневни.

## ЈАВНИ ОПОМЕНИ И ПОСТАПУВАЊЕ ПО ИСКЛУЧУВАЊЕ НА НАТПРЕВАР

**Член 32**

Фудбалерите за сторен прекршок на натпревар за кој добиле црвен картон се исклучуваат на следниот начин:

- за натпреварување во категорија на фудбалери од 2009-та – исклучување во траење од 10(десет) минути
- за натпреварување во категорија на фудбалери од 2010-та – исклучување во траење од 8(осум) минути
- за натпреварување во категорија на фудбалери 2011-та – исклучување во траење од 6(шест)минути
- за натпреварување во категорија на фудбалери од 2012-та- исклучување во траење од 4 (четири) минути
- за натпреварување во категорија на фудбалери од 2013-та и категорија на фудбалери од 2014-та – исклучување во траење од 2(две) минути

Фудбалерот се враќа во игра на знак на судијата.

**Член 33**

Последиците од изречените жолти картони важат само за време на одигрување на натпреварот.

Со изречени два жолти картони фудбалерот или службеното лице на клубот ја напушта играта согласно правилата за изречен црвен картон по категории.

## ОРГАН НА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

**Член 34**

Комисијата за базичен фудбал тесно соработува со регионалните координатори и ги евидентира одиграните натпревари.

**Член 35**

Комисијата за базичен фудбал го утврдува конечниот пласман по финалниот турнир во зависност од категоријата натпреварувачи.

### Завршни турнири

**Член 36**

Во секој регион се организираат завршни турнири.

Право на учество на завршниот турнир во регионот имаат сите екипи кои одиграле најмалку 90 % односно најмалку 09 од предвидените 10 турнири.

Натпреварите на завршните турнири се играат по систем на елиминација (еднострук куп систем), при нерешен резултат се пристапува кон изведување на 5(пет) пенали.

### Финален турнир

**Член 37**

Бројот на учесници на Финалниот турнир по категорија изнесува 8 екипи.

Бројот на екипите кои се натпреварувале по региони влијае на бројот на екипи со кој регионот е представен на Финалниот турнир.

Во сите региони освен во Северниот регион, победниците на завршните турнири во секоја возрасна категорија директно учествуваат на **финалниот турнир** на ФФМ, исклучок претставува Северниот регион кој на финалниот турнир на ФФМ учествува со финалистите(2 екипи) во секоја категорија.

Останатото едно слободно место(до 8) во секоја категорија, врз основа на потребата за развој и покажани резултати го определува Комисијата за базичен фудбал.

Натпреварите на финалниот турнир се играат по систем на елиминација, при нерешен резултат се пристапува кон изведување на 5(пет) пенали.

Паровите во финалните турнири се одредуваат по пат на ждрепка.

Победникот на финалниот турнир на ФФМ е освојувач на пехарот во определената категорија.

За освоено прво ,второ и трето место екипите добиваат пехар и медали.

За освоено четврто место екипата добива пехар и дипломи.

**Член 38**

По одигрувањето на финалниот турнир Комисијата утврдува прваци во сите категории и ги објавува во службеното гласило на Фудбалската федерација на Македонија "Макфудбал".

**Член 39**

Комисијата за базичен фудбал:

- раководи со натпреварувањето во согласност со овие пропозиции како и други акти на ФФМ.
- го утврдува календарот за натпреварување ;
- го утврдува распоредот на одигрување на турнирите;
- во соработка со регионалните координатори го утврдува распоредот на натпреварите на турнирите;
- предлага Пропозиции;
- ги евидентира одиграните натпревари и одлучува по добиените приговори;
- одлучува по барања на регионалните координатори за промена на термин и време на одигрување на турнирите;
- по исклучок може да донесе одлука за промена на место на одигрување на турнир;
- ги спроведува одлуките на Управниот одбор на ФФМ;
- извршува и други работи по препорака на УО на ФФМ.

Одлуките на Комисијата за базичен фудбал во врска со натпреварувањето се конечни.

Доколку турнирите кои Комисијата ги одложила од оправдани причини не се одиграат до последниот термин утврден во календарот ќе се сметаат за неодиграни.

**Член 40**

Натпреварот на кој ќе настапи:

- фудбалер без или со истечен лекарски преглед;
- фудбалер од повозрасна за помлада категорија , односно ќе настапи фудбалер кој немал право на настап на тој натпревар ,натпреварот за таа екипа ќе се смета за неодигран.

Тренерот на екипата која го направила прекршокот од став 1 се казнува со забрана на вршење функција во траење од 3(три) до 6(шест) месеци.

**Член 41**

Клубот одговара за однесувањето на своите фудбалери, службените лица на клубот како и за своите навивачи/гледачи.

При неспортско однесување на публиката, непристојното навивање и скандирање, судијата на натпреварот го прекинува натпреварот со цел да му овозможи на домаќинот да ги одстрани поединците или ја испразни трибината за да може натпреварот да се одигра во спортска атмосфера прикладна за активности во кои учествуваат деца.

Доколку не постојат услови за продолжување на натпреварот поради околности од став 2 , главниот судија го прекинува натпреварот.

Прекинатиот натпревар ќе се смета за неодигран за екипата чии навивачи го предизвикале прекинот.

Доколку за прекинот се одговорни фудбалерите или службени лица на клубот, екипата се дисквалификува од понатамошното натпреварување.

**Член 42**

Екипа која неоправдано нема да одигра три турнири во соодветната категорија ќе биде дисквалификувана со одлука на Комисијата за базичен фудбал.

За неоправдано неодиграни натпревари се сметаат сите натпревари кои клубот не ги одиграл а при тоа:

- не побарал и/или не добил писмено одложување;
- не го оправдал ненастапувањето.

**Член 43**

Клубот чија екипа (од било која категорија) го напуштила натпреварувањето или е дисквалификувана го губи правото на пријавување на екипа во соодветната категорија на натпреварување во натпреварувачката 2022/2023.

**Член 44**

Учество/организација на меѓународни и други турнири е дозволено само со согласност на Комисијата за меѓународни работи/Комисијата за базичен фудбал во зависност дали се работи за меѓународен настан.

Согласноста треба да биде побарана најмалку 7(седум) дена пред учество/организација на настанот.

Клубот чија екипа земала учество како во став 1 (еден) од овој член и клубот чија екипа е дисквалификувана ќе се изземе од програмата за доделување на спортска опрема/рекизити од страна на ФФМ.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 45**

За се што не е предвидено со овие пропозиции се применуваат одредбите од Правилникот за натпревари во зависност од применливост на одредбите за ова натпреварување,за одредбите кои не се применливи Комисијата за базичен фудбал дава предлог до Управниот одбор на ФФМ .

**Член 46**

Овие пропозиции стапуваат на сила со денот на усвојување.

Пропозициите се објавуваат во службениот лист на ФФМ „Макфудбал".

**Член 47**

Толкување на овие пропозиции дава Управниот Одбор на Фудбалската Федерација на Македонија.

22.02.2022 година

Претседател,
Муамед Сејдини

- 6 фудбалери родени 2014 година за категорија деца од 7 години
- 6 фудбалери родени 2013 година за категорија деца од 8 години
- 9 фудбалери родени 2012 година за категорија деца од 9 години
- 9 фудбалери родени 2011 година за категорија деца од 10 години
- 9 фудбалери родени 2010 година за категорија деца од 11 години
- 10 фудбалери родени 2009 година за категорија деца од 12 години

**Член 5**

Во зависност од возраста, турнирите се организираат како:

- натпреварување за деца од 7 години (родени 2014)
- натпреварување за деца од 8 години (родени 2013)
- натпреварување за деца од 9 години (родени 2012)
- натпреварување за деца од 10 години (родени 2011)
- натпреварување за деца од 11 години (родени 2010)
- натпреварување за деца од 12 години (родени 2009)

**Член 6**

Во натпреварувањето за деца од 7 години право на настап имаат деца кои на денот на натпреварот имаат наполнето 7(седум) години.

**Член 7**

Натпреварите за деца од 7 и 8 години се играат на терен со димезии кои изнесуваат најмалку 1/8 од димензиите на терен предвидени со Правилникот за натпревари на ФФМ за фудбал, со димензии на гол 3 x 2метра.

Во играта учествуваат по **5** учесници од двете страни.

Натпреварот трае 2 x 20 минути со пауза на полувремето од 10минути.

**Член 8**

Натпреварите за деца од 9,10 и 11 години се играат на терен со димензии кои изнесуваат најмалку 1/4 од димензиите на терен предвидени со Правилникот за натпревари на ФФМ за фудбал, со димензии на гол 5 x 2метра.

Во играта учествуваат по **8** учесници од двете страни.

Натпреварот трае 2 x 20 минути со пауза на полувремето од 10 минути.

И покрај истите услови за одигрување на натпреварот, натпреварувањето се организира за секоја возрасна категорија посебно.

**Член 9**

Натпреварите за деца од 12 години се играат на терен со димензии кои изнесуваат 1/2 од димензиите на терен предвидени со Правилникот за натпревари на ФФМ за фудбал, со димензии на гол 5 x 2метра.

Во играта учествуваат по **8** учесници од двете страни.

Натпреварот трае 2 x 25 минути со пауза на полувремето од 15 минути.

**Член 10**

Календарот за натпреварување го носи органот кој раководи со натпреварувањето - Комисија за базичен фудбал на ФФМ а го усвојува Управниот одбор на Фудбалската федерација на Македонија.

Натпреварувањето почнува на 05.03.2022 година, истиот може да се измени со Одлука на органот кој го води натпреварувањето.

Распоредот се одредува со ждрепка по утврдување на бројот на пријавени екипи.

**Член 11**

За организација на турнирите одговорен е ОФС кој во соработка со координаторот на регионот делегира службени лица-судии и координатори на турнирите.

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата



**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" бб
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**